# Започна четвртата „АлШар“ авантура

Напишано од Unevski
Сабота, 06 Јули 2019 08:58



Со пристигнување на првите учесници и поставувањето на шаторите во фестивалската кампинг зона и официјално започна четвртата „Алшар“ мисија која и годинава ќе донесе многу активности, музика, забава и дружење по недопрените предели на Кожув планина. Оние кои уште синоќа ја започнаа својата нова „Алшар“ авантура уживаа во настапите на културно уметничкото друштво „Тиквеш“ и групата „Чардак“, а веќе денес од 17 часот започнува големиот музички маратон на кавадаречките рок бендови BadAssAll, Leksikon, M.A.D.M8's и 4U Band кои ќе имаат свои анплагд концерти. Се разбира, како и претходните изданија, за крај на саботната вечер е предвиден настапот на DJ Славе Келешовски.



Главниот фестивалски ден е утре, недела, 7 јули. Официјалното отворање на АлШар 2019 е закажано за во 10 часот, а годинава честта да го отвори истиот ќе ја има Васил Јанкула, момчето кое и покрај церебралната парализа со трицикл изработен специјално за него помина 800 километри за 8 дена. Веднаш по свеченото отворање ќе следи и стартот на големата планинарска велосипедска тура, а веднаш по неа и малата велосипедска и големата планинарска тура. Последни од стартната рамнина ќе тргнат учесниците во малата планинарска тура чиј почеток е закажан за во 11 часот.



ПРОГРАМА НА НАСТАНОТ
ПЕТОК 05.ЈУЛИ
САБОТА 06.ЈУЛИ
НЕДЕЛА 07.ЈУЛИ
ДОПРИ ГО СОНЦЕТО
АЛШАР
05-07 ЈУЛИ 2019


[illegible]



ДОПРИ ГО СОНЦЕТО
АЛШАР
05-07 ЈУЛИ 2019
ТИКВЕШКИ
АЛШАР